Одборот за доделување на државната награда „Мето Јовановски“ распишува

**КОНКУРС за доделување на државната награда „Мето Јовановски“ во 2021 година**

Со државната награда „Мето Јовановски“ се оддава највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на промоцијата, заштитата и унапредувањето на човековите права. Наградата се доделува секоја година на 10 декември, Меѓународниот ден на човековите права. Во рамките на овој Конкурс може да се доделат најмногу две (2) награди.

**Податоци за државната награда „Мето Јовановски“**

- Државната награда им се доделува на поединци, здруженија на граѓани, неформални групи и други правни субјекти.
- Државната награда, под условите определени во Конкурсов, може да се додели и на странски државјани и на други меѓународни и странски правни субјекти.
- На награден поединец му се доделува диплома и паричен износ.
- На наградено здружение на граѓани или на друг правен субјект му се доделува само диплома и плакет
- На секој член од наградената неформална група му се доделува диплома и еднаков дел од паричниот износ.
- Паричниот износ за државната награда „Мето Јовановски“ изнесува пет (5) просечни месечни плати во Република Северна Македонија исплатени во последните три месеци од тековната година.

**Правила за поднесување иницијатива**

- Иницијатива за доделување на државната награда „Мето Јовановски“ може да поднесат здруженија на граѓани, граѓани, странски државјани, како и други правни субјекти во земјава и во странство.
- Подносителите на иницијативата за доделување на државната награда „Мето Јовановски“ треба да доставаат биографија, портфолио на постигнувањата и опис на акцијата за која сметаат дека предизвикала позитивна промена во одредена област на човековите права за која се поднесува иницијативата.
- Текстот на иницијативата (комплетиран) треба да се достави во 15 примероци, а трудовите (книги, публикации и сл.) се третираат како прилози и треба да се достават во најмалку два (2) примерока.
- Адресата на којашто треба да се достават иницијативите е: Министерство за култура на Република Северна Македонија – Одбор за доделување на државната награда „Мето Јовановски“, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје, Република Северна Македонија.
- Иницијативите и прилозите (трудови, книги, публикации и сл.) доставени по утврдениот рок за прием, како и некомплетните иницијативи, нема да бидат разгледани од страна на Одборот.

Конкурсот ќе трае од 15.10.2021 до 15.11.2021 година.

**Критериуми за оценување на иницијативите**

- Значајна и долгогодишна работа посветена на заштитата и унапредувањето на човековите права (се потврдува со биографија/портфолио на постигнувања).
- Спроведена акција, политика или проект кој резултирал со конкретна позитивна промена на полето на човековите права (специфично достигнување или листа на достигнувања).
- Придонес преку промени во јавната комуникација или промоција на човековите права во јавниот дискурс што предизвикал позитивна промена на планот на човековите права.

**Одбор за доделување на државната награда**
**„Мето Јовановски“**